Врз основа на членовите 56 и 57 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008 со измените), и согласно Одлуката за усвојување на конкурс бр. 08-902/3, Ректорската управа на Универзитетот Американ колеџ Скопје распишува

**КОНКУРС**
**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА СТУДЕНТИ НА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ**
**НА УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**
**ВО АКАДЕМСКАТА 2017/2018 ГОДИНА**

**I. Факултети и број на студенти на соодветните програми**

I. 1 На факултетите на Универзитетот Американ колеџ Скопје можат да се запишат вкупно 202 студенти на втор циклус студии (специјалистички и магистерски) во академската 2017/2018 година, и тоа:

1. На Факултет за деловна економија и организациони науки на втор циклус студии можат да се запишат вкупно 96 студенти на:

   - Магистерски студии по бизнис администрација (МБА) (настава на англиски јазик);
   - Магистерски студии по бизнис администрација (МБА) со насоки во: менаџмент; маркетинг; финансии и банкарство; менаџмент на човечки ресурси (*настава на англиски јазик*);
   - Сметководство и ревизија (магистерски и специјалистички студии) (*настава на англиски јазик*);
   - Менаџмент; Маркетинг; Финансии и банкарство; Менаџмент на човечки ресурси (*настава на македонски и англиски јазик*).

2. На Факултетот за политички науки на втор циклус – специјалистички и магистерски студии (*настава на македонски јазик и настава на англиски јазик*) можат да се запишат вкупно 24 студенти на следните насоки:
   - Меѓународни односи и дипломатија;
   - Човекови права;
   - Меѓународни односи и дипломатија со бизнис.

3. На Факултетот за архитектура и дизајн на втор циклус – специјалистички и магистерски студии (*настава на македонски јазик*) можат да се запишат вкупно 24 студенти на следните насоки:
   - Архитектура;
   - Внатрешна архитектура;
   - Визуелни уметности;
   - Градителско наследство.

4. На Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн на втор циклус – специјалистички студии можат да се запишат вкупно 10 студенти на следните насоки:
   - Внатрешна архитектура.

5. На Факултетот за компјутерска техника и информатика на втор циклус – специјалистички и магистерски студии (*настава на македонски јазик и настава на англиски јазик*) можат да се запишат вкупно 12 студенти на следните насоки:
   - Софтверско инженерство;
   - Компјутерски мрежи;
   - ИТ менаџмент;
   - Менаџмент на информациски системи.

6. На Факултетот за правни науки на втор циклус магистерски студии (*настава на македонски јазик*) можат да се запишат вкупно 24 студенти на следните насоки:
   - Правосудна насока;
   - Деловно право.

7. На Факултетот за странски јазици на втор циклус – специјалистички и магистерски студии (*настава на англиски јазик*) можат да се запишат вкупно 12 студенти на следните насоки:
   - Настава по англиски јазик;
   - Деловна комуникација и превод на англиски јазик.

Доколку на некоја од горенаведените студиски програми, групата на запишани студенти е помала од пет (5) студенти, наставата ќе се реализира менторски.

**I. 2 Акредитација во САД**
Програмите акредитирани во САД на сите факултети се однесуваат на специјалистички студии, со исклучок на Факултетот за деловна економија и организациони науки, на кој студиските програми за специјалистички и за магистерски студии се акредитирани во САД.
Магистерските студии на сите други факултети се во процес на акредитација во САД.

**II. Услови за запишување**

**II.1. Кандидатите за запишување на втор циклус – специјалистички и магистерски студии на Факултетот за деловна економија и организациони науки, треба да ги исполнуваат следните услови**:

| **Насока** | **Услови** |
|---|---|
| – Менаџмент<br>– Маркетинг<br>– Менаџмент на човечки ресурси | Кандидати со завршено високо образование. |
| – Финансии и банкарство | Кандидати со завршено високо образование од сродни акредитирани факултети (деловна економија и организациони науки, економски науки, бизнис администрација, осигурување, транспорт и шпедиција, царина, угостителство и туризам).<br>Кандидати со завршено високо образование кое не е соодветно со студиската програма, но кои имаат работно искуство од најмалку 2 (две) години на работно место за кое е предвидено образование од претходниот став. |
| – Сметководство и ревизија | Кандидати со завршено високо образование од сродни акредитирани факултети (деловна економија и организациони науки, економски науки, бизнис администрација, осигурување, транспорт и шпедиција, царина, угостителство и туризам). |

**II. 2. Посебни услови за упис на кандидати кои немаат завршено прв циклус додипломски студии од сродна област на Факултетот за деловна економија и организациони науки.**

Кандидатите кои немаат завршено прв циклус додипломски студии на акредитирани факултети од сродна област, за да можат да се запишат на втор циклус магистерски студии на Факултетот за деловна економија и организациони науки, треба да поминат низ процес на евалуација на нивното познавање на заедничките професионални компоненти (CPC Components) на прв циклус додипломски студии. За таа цел, Факултетот ќе организира настава по предметите: 1) Вовед во менаџмент и маркетинг, 2) Вовед во сметководство и финансии, 3) Вовед во статистика и 4) Економија (за насоката финансии и банкарство).

**II.3. Посебни услови за запишување на МБА програмата на Факултетот за деловна економија и организациони науки:**
Покрај условите наведени во точка II.1. од овој конкурс, кандидатите за упис на МБА програмата треба да доставaт и

1. Потврда за работно искуство од најмалку две (2) години и
2. Мотивациско писмо

**II.4. Услови за упис на втор циклус – специјалистички и магистерски студии на Факултетот за архитектура и дизајн:**

| Насока | Услови |
|---|---|
| − Архитектура<br>− Внатрешна архитектура<br>− Градителско наследство<br>− Визуелни уметности | Кандидати со завршено високо образование на акредитирани факултети во областа на архитектура, архитектура и менаџмент, внатрешна архитектура, визуелни уметности и градителско наследство. |

**II.5 Услови за упис на втор циклус - специјалистички и магистерски студии на Факултетот за компјутерска техника и информатика:**

| Насока | Услови |
|---|---|
| − Софтверско инженерство<br>− Компјутерски мрежи<br>− Менаџмент на информациски системи<br>− ИТ менаџмент | Кандидати со завршено високо образование на сродни факултети (факултет за компјутерски науки, факултет за информатика, факултет за информациски технологии)<br>Кандидати со завршено високо образование кое не е соодветно со студиската програма, но кои имаат работно искуство од најмалку 3 (три) години на работно место за кое е предвидено информатичко образование. |

**II.6. Услови за упис на втор циклус – специјалистички и магистерски студии на Факултетот за политички науки:**

| Насока | Услови |
|---|---|
| − Меѓународни односи и дипломатија со бизнис<br>− Меѓународни односи и дипломатија<br>− Човекови права | Завршено високо образование од акредитирани факултети во областа на политички науки, правни науки, социологија, филозофија, економија, антропологија и психологија. |

**II.7. Услови за упис на втор циклус – специјалистички и магистерски студии на Факултетот за странски јазици:**

| Насока | Услови |
|---|---|
| − Настава по англиски јазик<br>− Деловна комуникација и превод на англиски јазик | Кандидати со завршено високо образование од акредитирани факултети во областа на филолошките науки. |

**II.8. Услови за упис на втор циклус магистерски студии на Факултетот за правни науки:**

| Насока | Услови |
|---|---|
| − Правосудна насока<br>− Деловно право | Кандидати со завршено високо образование од областа на правните науки, политичките науки и економските науки, како и од друга област; |

**I.9 Услови за упис на втор циклус – специјалистички студии на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн:**

| Насока | Услови |
|---|---|
| − Архитектура<br>− Внатрешна архитектура | Кандидати со завршено високо образование на акредитирани факултети во областа на архитектура, архитектура и менаџмент, внатрешна архитектура, визуелни уметности и градителско наследство. |

**II.10 Посебни услови за запишување на втор циклус – специјалистички студии (акредитирани во САД)**

Кандидатите кои аплицираат за запишување на наставни програми акредирани во САД наведени во точка I.2, покрај исполнување на условите наведени во точка II од овој конкурс за секој факултет поединечно, треба да имаат соодветни познавања од деловни компоненти, стекнати преку своето претходно образование или работно искуство од најмалку две (2) години од соодветна област за која требаат деловни знаења и вештини.
Верификација за познавањата ќе спроведе Комисија за утврдување на познавање на деловни компоненти.
За кандидатите за кои ќе се утврди дека постои недостиг од соодветни деловни компоненти, ќе се организира бесплатна подготвителна настава за деловни знаења и вештини (деловен модул 1, деловен модул 2 и деловен модул 3), со која се овозможува следење на програмата.

**II.11 Посебни услови за упис на кандидати кои немаат завршено прв циклус додипломски студии од сродна област на другите факултети.**
За кандидатите кои немаат завршено прв циклус додипломски студии на акредитирани факултети од сродна област, а кои сакаат да се запишат на студиските програми понудени на другите факултети, се утврдува компатибилност на програмите и се одредува полагање на диференцијални предмети од страна на Деканот на избраниот факултет.

## III. МОДЕЛИ НА СТУДИРАЊЕ

На втор циклус студии можат да се запишат:
1. Кандидати со завршено високо образование во кредитна вредност од најмалку 180 ЕКТС (Модел 3+2) и
2. Кандидати со завршено високо образование во кредитна вредност од најмалку 240 ЕКТС (Модел 4+1).

Наставната програма, кредитната вредност и времетраењето на студиите за двата модели се уредува во согласност со актите на Универзитетот.

## IV. ФИНАНСИСКИ НАДОМЕСТОЦИ

**IV.1. Факултет за деловна економија и организациони науки**

Школарината за студирање на македонски јазик на Факултетот за деловна економија и организациони науки, **за моделот 3+2 изнесува 3.800 €.**

Школарината за студирање на англиски јазик на Факултетот за деловна економија и организациони науки, **за моделот 3+2 изнесува 4.370 €.**

Школарината за студирање на македонски јазик на Факултетот за деловна економија и организациони науки, **за моделот 4+1 изнесува 3.159 €.**

Школарината за студирање на англиски јазик на Факултетот за деловна економија и организациони науки, **за моделот 4+1 изнесува 3.520 €.**

Школарината за студирање на англиски јазик на Факултетот за деловна економија и организациони науки на МБА програмата, **за моделот 3+2 изнесува 4.940 €.**

Студентите кои сакаат да се стекнат со *МБА диплома во соодветна област* (МБА со насока во маркетинг, менаџмент, менаџмент на човечки ресурси или финансии и банкарство), треба да регистрираат дополнителни два (2) предмети во согласност со програмата на Факултетот за деловна економија и организациони науки, кои ќе се фактурираат со попуст од 100%, односно 0 € во денарска противвредност по предмет.

Школарината за студирање на англиски јазик на Факултетот за деловна економија и организациони науки на МБА програмата, **за моделот 4+1 изнесува 4.152 €.**

Студентите кои сакаат да се стекнат со *МБА диплома во соодветна област* (МБА со насока во маркетинг, менаџмент, менаџмент на човечки ресурси или финансии и банкарство), треба да регистрираат дополнителни два (2) предмета во согласност со програмата на Факултетот за деловна економија и организациони науки, кои ќе се фактурираат со попуст од 50% односно 149 € во денарска противвредност по предмет.

**IV.2. Факултет за архитектура и дизајн**

Школарината за студирање на македонски јазик на Факултетот за архитектура и дизајн, **за моделот 3+2 изнесува 3.800 €.**

Школарината за студирање на македонски јазик на Факултетот за архитектура и дизајн, **за моделот 4+1 изнесува 2.850 €.**

**IV.3. Факултет за компјутерска техника и информатика**

Школарината за студирање на македонски и англиски јазик на Факултетот за компјутерска техника и информатика, **за моделот 3+2 изнесува 3.800 €.**

Школарината за студирање на македонски и англиски јазик на Факултетот за компјутерска техника и информатика, **за моделот 4+1 изнесува 2.850 €.**

**IV.4. Факултетот за политичи науки**

Школарината за студирање на англиски јазик на Факултетот за политичи науки, **за моделот 3+2 изнесува 3.800 €.**

Школарината за студирање на англиски јазик на Факултет за политички науки, **за моделот 4+1 изнесува 2.850 €.**

**IV.5. Факултет за странски јазици**

Школарината за студирање на англиски јазик на Факултет за странски јазици, **за моделот 3+2 изнесува 2.850 €.**

Школарината за студирање на англиски јазик на Факултет за странски јазици, **за моделот 4+1 изнесува 1.805 €.**

**IV.6. Факултет за правни науки**

Школарината за студирање на македонски јазик на Факултет за правни науки, **за моделот 3+2 изнесува 3.800 €.**

Школарината за студирање на македонски јазик на Факултет за правни науки, **за моделот 4+1 изнесува 2.850 €.**

**IV.7. Меѓународна висока школа за архитектура и дизајн**

Школарината за студирање на англиски јазик на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн **изнесува 3.360 €.**

IV.8. Школарината за втор циклус специјалистички студии изнесува 60% од школарината за студирање на втор циклус студии на соодветната студиска програма, доколку кандидатот не продолжи на втор циклус магистерски студии.

IV.9. Школарината може да се плати одеднаш или на рати, согласно тарифникот на Универзитетот, во денарска противвредност по фиксен пресметковен курс усвоен од Одборот на директори.

IV.10. Финансиските надоместоци утврдени во претходните членови на овој конкурс се однесуваат за плаќање на школарината на две (2) еднакви рати, односно 50% од школарината се плаќа при уписот, а останатиот износ по дванаесет (12) месеци.

За плаќање на целиот износ на школарина одеднаш, Универзитетот одобрува 5% попуст. За плаќање на износот на школарината на дваесет (20) еднакви рати, школарината се зголемува за 5% поени.

Универзитетот одобрува попусти во согласност со интерните акти и тоа: попуст за студенти кои дипломирале на Универзитетот, попуст за рана регистрација, попуст за плаќање на целата школарина при упис, семеен попуст, попуст за членови на Деловниот совет на УАКС и други попусти.

**За студентите кои ќе се запишат до 15.10.2017 година, Универзитетот ќе одобри 5% попуст на школарината за рана регистрација.**

IV.11. Во школарината се вклучени предавања, пријавување на испити, презентација на семинарски трудови и проекти, изработка и одбрана на специјалистички труд и/или магистерски труд.

Во школарината не се вклучени:

- трошоците за користење на литература од библиотека и користење на електронската база на податоци ЕБСКО, кои изнесуваат 5.000 денари за целокупното студирање.
- Административните такси кои изнесуваат 600 денари.

IV. 12. Универзитетот води политика на фер и транспарентни цени. Универзитетот нема да засмета никакви дополнителни трошоци надвор од горенаведените.

**V. Општи одредби**

V.1. Кандидатите кои ќе се запишат на втор циклус студии по освоени најмалку 60 ЕКТС и одбранет специјалистички труд, се стекнуваат со диплома 'специјалист', а по освоени најмалку 120 ЕКТС и одбранет магистески труд се стекнуваат со диплома 'магистер'.

V.2. Кандидатите кои ќе се запишат на МБА програмата во соодветна насока, можат да се стекнат со: диплома 'магистер по бизнис администрација' (МБА) заедно со диплома 'специјалист по бизнис администрација' во соодветната област (доколку кандидатот одбрани специјалистички труд) или 'магистер по бизнис администрација' во соодветната област доколку кандидатот регистрира најмалку 30 ЕКТС во соодветната насока, а во согласност со наставната програма на Универзитетот.

V.3. Независно од јазикот на кој се изведува наставата, од студентите на втор циклус студии се очекува да имаат познавање на англиски јазик, кое ќе им овозможи користење на литература на англиски јазик.

V.4. Доколку на некои од факултетите не се пополни соодветниот број на студенти, неисполнетиот број на студенти може да се префрли на друг факултет, во рамки на вкупниот број на студенти што можат да се запишат на втор циклус на Универзитетот.

V.5. Условите и правилата за студирање се дефинирани со интерните акти на Универзитетот.

V.6. Конкурсот е отворен до 31 јануари 2018 година.

V.7. Наставата на втор циклус студии започнува во ноември 2017 година, освен на Факултетот за архитектура и дизајн, на кој наставата на втор циклус студии започнува во септември 2017 година.

Подетални информации во врска со овој конкурс, кандидатите можат да добијат на Универзитетот Американ колеџ Скопје, на телефон + 389 (0) 2 2463 156 или на веб страницата на Универзитетот www.uacs.edu.mk.

**Ректорска управа**
**Универзитет Американ колеџ Скопје**